# УЛОГАТА НА СИБЛИНЗИТЕ ВО РАЗВОЈОТ НА ЕМПАТИЈАТА

Апстракт

М-р Катерина Дојчинова, дипл. психолог, Клиничка болнница – Штип
М-р Виолета Цидрова, дипл. психолог, Клиничка болнница – Штип
Д-р Верица Стоименова, психијатар, Клиничка болница – Штип

Сведоци сме на едно време во кое постојано расте бројот на семејства кои минуваат по патот по кој поретко се оди - одгледување на само едно дете, а стереотипите за децата без сиблинзи, кои најмногу се однесуваат на развиеноста на нивните социоемоционални вештини, пред се емпатијата, сеуште постојат. Низ годините забележаната тенденција за фокусирање на истражувачите само на влијанието на родителите врз развојот на социо-емоционалните вештини кај децата резултираше со недостаток на истражувања за улогата на сиблинзите во развојот на емпатијата, кои би овозможувале постојана актуелизација на овој истражувачки проблем и проверка на релевантноста на добиените сознанија во денешно време. Поради тоа што истражувањето спроведено во нашата земја датира од постат датум, во рамки на овој труд, неговите резултати и сознанија се споредени со истражувачките резултати и сознанија од друго истражување од понов датум, а со цел да се утврди улогата на сиблинзите во развојот на емпатијата. Притоа, истражувањето спроведено во нашата земја во текот на 2012 година на примерок кој го сочинуваат 120 испитаници (60 од еднодетни и 60 од повеќедетни семејства), улогата на сиблинзите во развојот на емпатијата го испитува преку утврдување на разликите во нивото на емпатија помеѓу децата со и без сиблинзи. За собирање на податоците беше применет Индекс на интерперсонална реактивност (Interpersonal Reactivity Index-IRI), за мерење на емпатијата и нејзините компоненти. Добиените резултати покажуваат дека децата од еднодетни семејства имаат пониско ниво на фантазија (.01 ($t (118) = 3,79$, $p<0,01$), заземање туѓо гледиште (.01 ($t (118) = 4,28$, $p<0,01$) и емпатиска грижа (.01 ($t (118) = 6,18$, $p<0,01$), и повисоко ниво на лична вознемиреност (.05 ($t (118) = 2,07$, $p<0,05$) во однос на децата од повеќедетни семејства. Лонгитудиналната студија спроведена од група истражувачи во текот на 2018-2019 година (Madigan, S., Plamondon, A., Daniel, E and Jenkins, J, 2018), а во рамки на проектот "Деца, семејства и места", улогата на сиблинзите во развојот на емпатијата го истражува преку испитување на тоа дали нивоата на емпатија кај децата на 18 и 48 месеци предвидуваат промени во емпатијата на другите браќа и сестри 18 месеци подоцна. Примерокот го сочинува етнички разновидна група од 452 деца и нивните мајки од низа социо-економски средини. Детската емпатија е мерена со бихејвиоралните и фацијалните реакции на секој сиблинг на возрасен истражувач кој се преправа дека е вознемирен и повреден. Добиените резултати покажале дека постојат двонасочни ефекти на постарите и помалите сиблинзи врз развојот на емпатијата. Во нашето истражување резултатите покажаа дека постои поврзаност помеѓу присуството/отсуството на сиблинзи и нивото на емпатија кај адолесцентите и младите возрасни, додека пак лонгитудиналната студија освен што укажува на влијанието на браќата и сестрите врз развојот на емпатијата, укажува и на тоа дека овој процес започнува многу порано отколку што се мислеше, односно, уште во раното детство, кога почнуваат да се развиваат емпатичните тенденции.

*Клучни зборови:* емпатија, сиблинзи, еднодетно семејство, повеќедетно семејство